МQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

**ОПШТИНА ШТИП**

**Број 18-2238/7 од 20.09.2023 год.**

Врз основа на член 69 од Законот за животната средина („Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/12, 44/15, 129/15, 192/15, 39/216, 28/18, 65/18, 99/18, 89/22 и 171/22) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/08 и 45/11), Градоначалникот на Општина Штип организира

## ЈАВНА РАСПРАВА

**по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 214/11, КП 218/3 и КП 220/1, КО Криви Дол со намена Г2.7 – производство на мебел од дрво, метал, пластика, Општина Штип**

Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина е достапни за јавен увид на веб страната на Општина Штип 09.08.2023 година, како и во канцелариите на Општина Штип (Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина).

Во согласност со законските барања, а со цел да се постигне поголема транспарентност и вклученост на јавноста, Градоначалникот на Општина Штип организира јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина на ден 29.09.2023 година (петок), во просториите на Општина Штип, Мала Сала 2, во 11.30 часот.

Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење, забелешки и предлози по Нацрт Извештајот. Истите може да ги испраќаат на: info@stip.gov.mk или по пошта на следната адреса: Општина Штип ул. Васил Главинов 4Б 2000 Штип, најкасно до 06.10.2023.

Изработил: м-р Софче Трајкова
Контролирал: по овластување на градоначалник
Лазар Хаџи-Николов
Одобрил: Секретар на Општина Штип
Вишна Шорова Ангелова

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов